Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите на проектот ,,Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан" финански поддржан од Европската Унија, број на договор 2023/452-483 објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

Центарот за правни истражувања и анализи објавува повик за ангажирање на тројца експерти за подготовка и спроведување тематски сесии во рамки на три еднодневни напредни обуки за еколошка правда во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители. Обуките ќе ги опфатат темите: **еколошкиот криминалитет низ практиката на Европскиот суд за човекови права**, **заштитата на животната средина низ практиката на Судот на правдата на Европската Унија** и **зелената виктимологија**. Првата обука ќе се одржи на 21 септември 2026 година, втората обука е планирана за втората половина на месец октомври, додека пак третата во текот на месец ноември 2026 година. Предвидените активности се во рамки на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан.

### 1. Позадина

Во Република Северна Македонија имплементацијата на законите од областа на животната средина често пати се одвива отежнато (воздух, отпад, вода, природа, индустриско загадување, хемикалии, бучава…), а особено загрижува спроведувањето и хармонизација со Директивите за оцена на влијанието врз животната средина и стратегиска оцена на животната средина. Видливо е драстичното зголемување на кривични дела поврзани со животната средина, а со тоа и бројот на пријави и пресуди за истите (27 пресуди во 2019 година, 81 во 2020 година и 126 во 2021 година). Сепак, независно од тоа, многу престапи остануваат неказнети или пак глобите со кои се санкционирани се незначителни. Новиот Кривичен Законик внесе новитети во делот на казни и одговорност за правни лица, со што националното законодавство стана подобро усогласено со директивите на Европската Унија. Сепак, во главните одговорни институции, како судството, јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, државниот инспекторат за животна средина недостасуваат капацитети за спроведување на овие новини, особено во врска со еколошките кривични дела, методите за утврдување на штетата и утврдување на одговорноста. Сето ова укажува на итната потреба од јакнење на институционалните капацитети и практичните знаења кај клучните актери во правосудниот систем. Обуките ќе овозможат продлабочена анализа на практиката на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија, како и воведување на перспективата на зелената виктимологија во разбирањето на последиците од еколошкиот криминалитет.Ваквиот пристап претставува суштински чекор кон подобра еколошка правда и заштита на здравјето и благосостојбата на граѓаните.

## 2. Број на експерти

Со цел успешно спроведување на обуката и покривање на однапред определените теми согласно изготвениот курикулум за напредна обука за потребите на проектот ,,Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан" Центарот за правни истражувања и анализи ќе ангажира тројца експерти од различни области.

ЦПИА ќе ангажира тројца експерти, по еден за секоја од позициите наведени во продолжение. Секој избран експерт ќе ја подготви и ќе ја спроведе соодветната тематска сесија на сите три обуки. Содржината треба да биде практично ориентирана и приспособена на потребите на судии и јавни обвинители.

### ПОЗИЦИЈА 1: Експерт за практиката на Европскиот суд за човекови права во областа на еколошкиот криминалитет

**Работни задачи:**

- подготовка и изведба на сесија на тема „Еколошки криминалитет низ практиката на Европскиот суд за човекови права";
- презентирање на релевантните стандарди и позитивните и процесните обврски на државата што произлегуваат од Европската конвенција за човекови права;
- анализа на избрана практика на ЕСЧП поврзана со еколошка штета, заштита на животот и здравјето, приватниот и семејниот живот, имотот, ефективниот правен лек и пристапот до правда;
- поврзување на стандардите на ЕСЧП со постапувањето во кривични и други релевантни предмети од областа на животната средина;
- презентирање практични дилеми и примери релевантни за работата на судиите и јавните обвинители.

**Задолжителни квалификации:**

- Завршени магистерски студии од областа на правото, односно стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити; докторски студии или дополнителна специјализација во релевантната област ќе се сметаат за предност.
- најмалку седум години релевантно професионално искуство во примена, анализа, истражување или застапување поврзано со Европската конвенција за човекови права и практиката на ЕСЧП;
- докажано познавање на практиката на ЕСЧП во областа на животната средина, еколошката штета и/или кривичноправната заштита;
- способност за работа со судска практика и стручна литература на англиски јазик.

**Ќе се смета за предност:**

- тековно или претходно искуство како судија, правник во ЕСЧП, адвокат, универзитетски професор или истражувач на предмети од релевантната област;
- искуство во изведување обуки за судии, јавни обвинители или други правосудни професионалци;
- авторство или учество во подготовка на анализи, правни мислења, прирачници, стручни трудови или други материјали за практиката на ЕСЧП и заштитата на животната средина.

## ПОЗИЦИЈА 2: Експерт за право на Европската Унија и практиката на Судот на правдата на Европската Унија во областа на животната средина

**Работни задачи:**

- подготовка и изведба на сесија на тема „Заштита на животната средина низ призмата на практиката на Судот на правдата на Европската Унија";
- презентирање на основните извори, начела и механизми на правото на ЕУ во областа на животната средина;
- анализа на избрана практика на Судот на правдата на ЕУ поврзана со еколошка одговорност, процена на влијанието врз животната средина, отпад, воздух, вода, природа и пристап до правда;
- објаснување на улогата на националните судови и на постапката за претходно одлучување во обезбедувањето ефективна примена на правото на ЕУ;
- презентирање практични примери применливи во националниот контекст.

**Задолжителни квалификации:**

- Завршени магистерски студии од областа на правото, односно стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити; докторски студии или дополнителна специјализација во релевантната област ќе се сметаат за предност.
- најмалку седум години релевантно професионално искуство во областа на правото на ЕУ, со фокус на правото на животна средина и/или европската судска практика;
- докажано искуство во анализа и практична примена на практиката на Судот на правдата на ЕУ;
- способност за работа со правни извори и судска практика на англиски јазик.

**Ќе се смета за предност:**

- магистерски или докторски студии, академски ангажман или дополнителна специјализација во правото на ЕУ и/или еколошкото право;
- искуство во изведување обуки за судии, јавни обвинители или други правосудни професионалци;
- авторство или учество во подготовка на анализи, прирачници, правни мислења, стручни трудови или јавни политики од релевантната област.

## ПОЗИЦИЈА 3: Експерт за зелена виктимологија

**Работни задачи:**

- подготовка и изведба на сесија на тема „Зелена виктимологија“;
- објаснување на поимот, развојот и предметот на зелената виктимологија и нејзината поврзаност со еколошкиот криминалитет и еколошката правда;
- презентирање на различните категории жртви на еколошка штета, вклучително поединци, заедници, ранливи групи, идни генерации, животни и екосистеми;
- анализа на предизвиците при препознавање на жртвите, утврдување на штетата, учество во постапката, надоместување и ресторативни пристапи;
- презентирање практични примери и импликации за работата на судиите и јавните обвинители.

**Задолжителни квалификации:**

- завршено високо образование од областа на правото, животната средина или друга сродна област;
- најмалку седум години релевантно професионално, академско или истражувачко искуство во областа на еколошкото право и/или заштитата на животната средина;
- докажано познавање на концептите на зелена криминологија и зелена виктимологија;
- искуство во анализа на последиците од еколошка штета и положбата и заштитата на жртвите.

**Ќе се смета за предност:**

- магистерски или докторски студии, универзитетски ангажман или дополнителна специјализација во релевантната област;
- искуство во изведување обуки за судии, јавни обвинители или други правосудни професионалци;
- авторство или учество во истражувања, анализи, прирачници, стручни трудови или други материјали од областа на зелената криминологија, виктимологијата или еколошката правда.

## 3. Главна цел

Целта на ангажманот е секој од избраните експерти да подготви и изведе стручна презентација во согласност со својата област на експертиза, со цел поддршка на професионалниот развој на учесниците на обуката и унапредување на институционалните капацитети за спроведување на еколошката правда. Експертите ќе придонесат кон унапредување на знаењата и практиките за поефикасно постапување по еколошки кривични дела и примената на релевантната регулатива.

### 4. Известување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертот ќе има обврска да достави извештај за изработените работни задачи и листи на сработени работни денови (Timesheets) на англиски јазик по завршување на обуката. Извештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk

По известувањето за договорот, експертот ќе ги разгледа условите за неговата работа и ќе ги пријави сите точки кои бараат дополнителни информации или појаснување. Тој/таа ќе контактира со проектниот менаџер за да ги добие сите потребни информации, упатства и насоки што го регулираат спроведувањето на задачата.

### 5. Времетраење и сума

Работниот ангажман ќе биде спроведен во шест работни дена (три дена а подготовка и три дена за спроведување на обука) во периодот до декември 2026 година. За секој работен ден предвиден е надоместок од 150 евра во бруто износ кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност, според курсот на Проектот.

### 6. Начин на аплицирање и рок

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите на овој повик потребно е да доставaт детална биографија во која ќе бидат наведени референци со кои се потврдува исполнувањето на бараните услови.

Биографијата треба да се достави во електронска верзија на е-пошта: contact@cpia.mk со назнака– Пријава за експерт **(наведете ја точната позиција за која се пријавувате на пример: Пријава за експерт - ПОЗИЦИЈА 1)** . Рокот за аплицирање е до 10.09.2026 година до 16:30h.

Пристигнатите биографии ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија. Критериуми кои ќе бидат земени при предвид при одлучувањето се: целосно исполнување на условите на овој повик.

Контакт лице за овој повик е Никола Јовановски, е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk